Архивски знак ______
Рок на чување ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar: | 18.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojca: | Вредност: / Vlerë: |
| УП1 | 03-75 | | |

До Министерство за култура на Р.С.М.
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: информација за постоење на интелектуална сопственост врз фасадата на објектот Сити Галери на Плоштад Македонија како дел од проектот Скопје 2014.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:---
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје

Датум 14.04.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-75
17.05 2022 год.

Архивски знак ________ год.
Рок на чување ________ 20___ год.
Потпис.

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] УП1 бр. 03-75 од 18.04.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted], УП1 бр. 03-75 од 18.04.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

„Информација за постоење на интелектуална сопственост врз фасадата на објектот Сити Галери на Плоштад Македонија како дел од проектот „Скопје 2014““.

Барателот на информацијата побарал информациите да му бидат доставени во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура го дава следниот одговор:

Во врска со Барањето за доставување на Информација од јавен карактер за постоење на интелектуална сопственост врз фасадата на објектот „Сити галери“ на „Плоштад Македонија“, како дел од Проектот „Скопје 2014“, Ве известувам за следното:

Согласно член 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), со Законот се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Согласно членот 3 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Законот), информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Согласно алинејата 1 од истиот член од Законот, имватели на информации се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес иполитичките партии во делот на приходите и расходите.

Согласно наведеното, Секторот за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права нема сознанија за постоење ниту поседува акт со наведениот наслов-Информација од јавен карактер за постоење на интелектуална сопственост врз фасадата на објектот „Сити галери" на „Плоштад Македонија"

Со оглед дека информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата, информираме на одредбите од Законот за авторското право и стродните права („Службен весник на РСМ" бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15, 27/16) што се однесуваат на архитектонските дела.

Така, согласно членот 12 од Законот за авторското право и стродните права (ЗАПСП) авторско дело, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма а особено за авторско дело се смета, меѓу останатите и : дела од архитектурата (став 2 точка9); картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката. (став 2 точка 11). Согласно ставот (3) од истиот член, како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени од Законот - интелектуална и индивидуална творба. Со членот 13 став (1) од ЗАПСП се опредечлува дека составен дел на авторско дело, како и насловот на делото, доколку само по себе претставува интелектуална и индивидуална творба, се смета како посебно авторско дело.

Вр основа на овие широки поими на архитектонското дело може да се определи дека под архитектонските дела може да се опфатат сите проектирачки активности, од најниско (урбанистички проект, пејзажна архитектура) до највисоко ниво (детали во врска со изградбата и мебел) доколку претставуваат интелектуална и индивидуална творба. Исто така, создавањето на архитектонско дело претставува и процес и производот од планирањето, проектирањето и изградбата на формата, просторот и амбиентот, кои се одраз на функционални, технички, социјални и естетски сфаќања, .што бара креативна манипулација и координација на материјали, технологија, светло и сенка, како и многу други активности од случна природа.

Составните делови на архитектонското дело, доколку претставува интелектуална и индивидуална творба, исто така, е авторско дело. Во случајов, фасада на објект често може да биде и најважнен аспект од дизајнерска точка, каде што таа го поставува тонот за остатокот на зградата.

Од останатите одредби од ЗАПСП значајни се одребите: за коавторско (член 19); за моралните права на авторот – заштита на интегритет на делото (член 24); материјалните права за јавно изложување и јавно прикажување, како и правото на преработка (членовите 33, 34 и 38). Така, според член 38 став (2) од ЗАПСП, правата над авторското дело создадено со преработување не влијаат на кој било начин на правата над делото што е преработено.

Не помалку значјни одредби од аспект на архитектонското дело претставуваат и одредбите од членовите: 10 - ограничување на правото на преработка и 11- Заштита при уништување оригинал.

Според членот 10 од ЗАПСП, доколку сопственикот на архитектонски објект има намера тоа дело да го преработи, е должен таа преработка првенствено да му ја понуди на авторот на изворното дело, доколку истиот е жив и е достапен на вообичаен начин. Доколку авторот неоправдано ја одбие понудата, сопственикот на делото стекнува право на преработка, но е должен да ги почитува моралните права на авторот. Во членот 11 од ЗАПСП се определува дека доколку сопственикот на оригиналот на авторското дело има намера оригиналот да го уништи, е должен таквиот оригинал да му го понуди на авторот, а овој да му ја надомести вредноста на материјалот од кој е изработен оригиналот. Доколку враќањето на делото на авторот од ставот (1) на овој член не е можно, сопственикот е должен, на соодветен начин, да му овозможи на авторот изработка на примерок од оригиналот. Во случај кога авторското дело, е архитектонски објект, авторот има право да го фотографира делото, да му се овозможи пристап до делото за картографско снимање, односно на премер на објектот и да побара, на негов трошок, да му бидат доставени копии од проектите.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-75 од 18.04.2022 година, со кое ги побарал следната информација во електронска форма да се достави на електронска адреса:

„Информација за постоење на интелектуална сопственост врз фасадата на објектот Сити Галери на Плоштад Македонија како дел од проектот „Скопје 2014“".

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараниата информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на 11.05.2022 година, под УП1 бр. 03-75.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвила: Елена Николовска, службено лице